РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

*ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА*
**Бр.08-4410/1 од 18.11.2021 година**
С К О П Ј Е

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 30 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба („Службен гласник на Општина Гази Баба" 02/06, 14/12,10/13, 14/13, 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ И ПАКЕТИ СО ПРЕХРАМБЕНИ И ХИГИЕНСКИ ПРОИЗВОДИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува постапката за доделување средства од Буџетот на Општина Гази Баба на жители на општината кои имаат потреба за користење средства во вид на еднократна парична помош, пакети со храна и хигиенски производи.

**Член 2**

Износот на средства што се доделува по овој Правилник не може да биде поголем од 50.000,00 денари за поединечен случај и се исплатува од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Општина Гази Баба доделува еднократна парична помош за:

- Лекување;
- Деца без родители и
- Самохрани родители
- Лица со тешки до умерени пречки во развој
- Ублажување на штета елементарна непогода - пожар, поплава, земјотрес и сл.

Општина Гази Баба доделува пакети со прехрамбени и хигиенски производи на:

- Семејства корисници на социјални услуги од Центарот за социјална работа.

**Член 4**

Паричната помош се доделува врз основа на претходно доставено барање поткрепено со соодветна документација, еднаш во текот на календарската година.

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

- За помош при лекување заедно со барањето се доставува уредна документација пропишана во Критериумите за доделување средства од Буџетот на Општина Гази Баба за помош при лекување, да не е постара од 6 месеци;

- За доделување еднократна парична помош на деца без родители заедно со барањето се доставува и мислење од Центарот за социјална работа Скопје или установата во која се згрижени;

- За доделување еднократна парична помош на самохрани родители, доказ дека е самохран родител, односно Решение за развод, Решение дека е корисник за социјални услуги од центарот за социјални работи;

- За доделување еднократна парична помош на лица со тешки до умерени пречки во развој со решение од центарот за социјални работи;

- За ублажување на штета од елементарна непогода, пожар, поплава, земјотрес и сл. покрај барањето потребно е да се достави Записник од надлежен орган за настаната штета и доказ за сопственост над имотот;

- За семејства корисници на социјални услуги, доказ од Центарот за социјални работи.

**Член 5**

Распределбата на средствата е утврдена со посебни критериуми, кои се составен дел на Правилникот.

Барањата за добивање еднократна парична помош ги разгледува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба составена од 5 членови на општинската администрација (со напомена да има правник, раководно лице и преставник од Секторот за финансии), комисијата составува Записник со Предлог за доделување помош до Градоначалникот.

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за постапката за доделување еднократна парична помош од буџетот на Општина Гази Баба бр.08-292/2 од 23.01.2018 година.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
м-р Бобан Стефковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ 1

изготвил: Васко Апостоловски